**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 129/2023 и 53/2024) Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на седницата одржана на 14.3.2024 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ"

### Член 1

Во Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители "Павел Шатев" ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 172/2023) во член 45, по ставот (8), се додаваат нови ставови (9), (10) , (11), (12) и (13) кои гласат:

„(9) По исклучок на членот 40 став (1) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, а во согласност со член 40 став (7) и (8) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, во случај кога единствениот електронски систем за полагање на испитите не е во функција како резултат на настани кои не можеле да се предвидат, а поради крајна итност, квалификацискиот тест може да се спроведе во хартиена форма, а резултатите да се добијат со електронски читач, без вклученост на човечки фактор, водејќи сметка за анонимноста, интегритетот на испитниот процес и различноста на тестовите."

(10) Како настани кои не можеле да се предвидат од ставот (9) на овој член, се сметаат оние настани кои не настанале по вина на Академијата и кои не можеле да се предвидат во моментот на распишување на јавниот оглас за прием во почетна обука, како што се:

- случаите кога единствениот електронски систем за полагање на испитите во државните институции не е во можност да спроведува испити повеќе од три месеци, со што не постои можност за придржување кон законските рокови за спроведување на фазите во рамките на приемниот процес;

- во случај кога договорниот орган кој во име и за сметка на институциите корисници ја спроведува групната јавна набавка на услуги за одржување на софтвер за полагање на испити во државни институции и кој е надлежен за координацијата на активностите помеѓу системот за електронско тестирање и институциите корисници,

доставил писмено известување до Академијата дека единствениот систем за спроведување на испити нема да биде во функција во периодот кога Академијата треба да го спроведе квалификацискиот тест;

- доколку договорниот орган кој во име и за сметка на институциите корисници е задолжен да ја спроведува групната јавна набавка на услуги за одржување на софтвер за полагање на испити во државни институции, не ја спроведе постапката за јавна набавка и со тоа не обезбеди економски оператор кој би можел да го спроведе електронското тестирање;

- доколку носителот на јавната набавка на услуги за одржување на софтвер за полагање на испити во државните институции ја извести Академијата дека полагањето на квалификацискиот тест не може да се спроведе согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители и договорот за јавна набавка на услуги за одржување на софтвер за полагање на испити во државните институции, а особено доколку не може да се гарантира анонимноста и интегритетот на тестирањето.

(11) Одлука за тоа дали настапил услов за спроведување на квалификацискиот тест во хартиена форма донесува Управниот одбор на Академијата, откако директорот на Академијата ќе достави писмено известување за настапување на некој на условите од став (10) од овој член, заедно со целокупната документација за истото.

(12) Доколку Управниот одбор констатира дека е исполнет услов од ставот (10) од овој член ќе донесе одлука со која ќе ја задолжи Приемната Комисија да одржи седница на која ќе усвои нова Временска динамика за спроведување на понатамошниот тек од Приемниот испит.

(13) Кога квалификацискиот тест се спроведува во хартиена форма, тестирањето се спроведува согласно правилата утврдени во Правилникот за полагање на приемен испит. "

**Член 2**

(1) Оваа Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" веднаш по нејзиното донесување.

(2) Овој Статут влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија", по што веднаш ќе се објави на веб страницата на Академијата.

Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР,
Судија Беким Мехмеди